Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Триесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година

Скопје, април 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година**

Седницата започна во 14:20 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јованка Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Инвестициона програма на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2022 година, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со дополнувања и Предлог-одлука

2. Годишна инвестициона програма за 2022 година, Финансиски план за 2022 година и Програма за работа за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука и дополнувања

3. Инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на Јавното претпријатие „Стрежево” - Битола, со Предлог-одлука

4. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2022 година, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, со дополнувања и Предлог-одлука

5. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми’’ - п.о. - Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука и дополнувања

6. Годишна инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со дополнувања и Предлог-одлука

7. Инвестициона програма на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година, со Предлог-одлука

8. Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука

9. Годишна инвестициона програма за 2022 година, Финансиски план за 2022 година и Програма за работа и развој за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Предлог-одлука

10. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година

11. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2022 година, Инвестициона програма и Финансиска програма за периодот од 2022-2024 година, со дополнување и Предлог-одлука

12. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука и Финансиски план за 2022 година

13. Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година, со дополнување

14. Бизнис план за 2022 година, Инвестициона програма за 2022, 2023 и 2024 година, Финансиска програма за 2022 година и Тригодишен план за периодот 2022-2024 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлуки

15. Информација за Програма за користење на средства за ветеринарно јавно здравство во 2022 година, со Предлог-програма

16. Информација за Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, со Предлог-програма

17. Информација за донесување на Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-програма

18. Информација за Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука

19. Информација за Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година, со Предлог-програма

20. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година, со Предлог-одлука

21. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука

22. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со дополнување и Предлог-одлука

23. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година и Програма за работа за 2022 година, со Финансиски план за работа

24. Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година и Годишен финансиски план за реализација на Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлуки

25. Предлог-програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година

26. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година

27. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2022 година

28. Предлог-програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

29. Предлог-програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2022 година

30. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2022 година

31. Годишна програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2022 година, со Предлог-одлука

32. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2022 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

33. Финансиски план, Програма за работа и Инвестициона програма на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

34. Предлог-програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година

35. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2022 година

36. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година, со дополнување

37. Кадровски прашања

38. Прашања и предлзи

39. Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2022 година

40. Програма за работа на Јавното претпријатие „Национални шуми“ за 2022 година, со Финансиски план за 2022 година

41. Годишна програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, со дополнување

42. Програма за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година, со дополнување

43. Финансиски план на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година

44. Финансиски план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2022 година, со дополнување

45. Финансиски план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2022 година

46. Годишна програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма (ГИП) на НЕР АД Скопје за 2022 година, со дополнувања

47. Годишна програма за работа за 2022 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје

48. План за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година

49. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2022 година

50. Инвестициона програма за 2022 година, Финансиски план за 2022 година и Програма за работа за 2022 година на АД ТЕЦ Неготино - Неготино, со дополнување

51. Годишна програма за работа за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА)

52. Финансиски план за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА)

53. Годишна инвестициона програма за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА)

54. Финансиски план за 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

55. Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2022 година, со дополнување

56. Годишен финансиски план за 2022 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје

57. Финансиски план за 2022 година и Годишна програма за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, со Предлог-одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата по новите текстови на Инвестиционата програма на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2022 година, Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со дополнувања и Предлог-одлука заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2022 година и Финансискиот план за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, како материјал за информирање.

## Точка 2

Владата по најновите текстови на Годишната инвестициона програма за 2022 година, Финансискиот план за 2022 година и Програмата за работа за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука и дополнувања, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес и Финансискиот план за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ја разгледа можноста во основниот проект, како втора варијанта, фотонапонската централа да може да биде и на пловна конструкција.

## Точка 3

Владата по најновите текстови на Инвестиционата програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на Јавното претпријатие „Стрежево” Битола, со Предлог-одлука, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата по новите текстови на Годишната инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2022 година, Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, со дополнувања и Предлог-одлука:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа новиот текст на Програмата за работа за 2022 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип и новиот текст на Финансискиот план на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2022 година, како материјали за информирање.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми'' - п.о. - Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука и дополнувања за наредната седница на Владата поради потребата Надзорниот одбор на Друштвото да достави мислење по истата и предлагачот во Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година да го внесе новиот архивски број на Годишната инвестициона програма за 2022 година.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со дополнувања и Предлог-одлука и по истата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по новиот текст на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2022 година на Јавното претпријатие Колекторски систем, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата по Програмата за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2022 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје и најновиот текст на Финансискиот план на ЈП Агро - берза, Скопје за 2022 година, како материјали за информирање.

## Точка 9

Владата по најновите текстови на Годишната инвестициона програма за 2022 година, Финансискиот план за 2022 година и Програмата за работа и развој за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, со Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Ги разгледа новите текстови на Програмата за работа и развој за 2022 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје и Финансискиот план за 2022 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 10

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата по најновиот текст на Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2022 година, Инвестиционата програма и Финансиската програма за период од 2022-2024 година, со дополнување и Предлог-одлука, условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за периодот 2022-2024 година и Финансиската програма за 2022 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија -Скопје, доколку Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија обезбеди ново мислење од Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

**Точка 12**

Владата ги разгледа најновите текстови на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука и Финансискиот план за 2022 година и притоа заклучи:

- Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2022 година.

- Го разгледа Финансискиот план за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 14**

Владата ги разгледа Бизнис планот за 2022 година, Инвестиционата програма за 2022, 2023 и 2024 година, Финансиската програма за 2022 година и Тригодишниот план за периодот од 2022-2024 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлуки и условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за 2022 година и најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционите програми на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за периодот од 2022, 2023 и 2024 година доколку Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор достави мислење по материјалот.

Исто така, предлагачот да достави и нова одлука на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за 2022 година.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Програма за користење на средства за ветеринарно јавно здравство во 2022 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2022 година.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година, со Предлог- програма и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Центарот за управување со кризи, а им се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Градот Скопје, Стопанската комора на Северна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија во рамките на своите надлежности до Агенцијата за катастар на недвижности до 30 јуни 2022 година да доставaт предлози за дополнување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година.

## Точка 20

Владата по новиот текст на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата по Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го одложи од разгледување Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со дополнување и Предлог-одлука, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи по укажувањето на Секретаријатот за законодавство, односно да изостане формулацијата „Измена“ од Годишниот финансиски план и Одлуката за давање согласност како и да достави нова Одлука од Управниот одбор.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година и Програмата за работа за 2022 година, со Финансиски план за работа, поради потребата предлагачот да достави образложение по укажувањето на Министерството за финансии (по однос на сметка 637 да се образложи намената на средствата) и да постапи по укажувањето на Секретаријатот за законодавство, односно да достави нова одлука за давање на согласност на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година од Управниот одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 24

Владата ги одложи од разгледување Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година и Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со предлог – одлуки, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да достави нова одлука од Управниот одбор.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за внатрешни работи во иднина да се планираат доволно парични средства во делот на опремувањето и одржувањето на граничните премини со оглед на тенденцијата за отворање на нови гранични премини како и отворање на заеднички гранични премини со соседните држави.

**Точка 31**

Владата по новиот текст на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2022 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2022 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки (најнов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2022 година на Фондот за иновации и технолошки развој.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2022 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, Централниот регистар на Република Северна Македонија во рамките на своите можности да испланира средства за поддршка на непредвидени состојби во државата (енергетска криза).

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за основни геолошки истражувања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 37**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 38**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од усогласувања на истата со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за работа на Јавното претпријатие „Национални шуми" за 2022 година, со Финансиски план за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма со Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа најновиот текст на Финансискиот план на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма (ГИП) на НЕР АД Скопје за 2022 година, со дополнувања, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2022 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа најновиот текст на Планот за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа најновиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ги разгледа новите текстови на Инвестиционата програма за 2022 година, Финансискиот план за 2022 година и Програмата за работа за 2022 година на АД ТЕЦ Неготино - Неготино, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план за 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот финансиски план за 2022 година на Јавната установа Центар за образовение на возрасните - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ги одложи од разгледување Финансискиот план за 2022 година и Годишната програма за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да достави нов текст на Финансиски план за 2022 година (согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство, односно да изостане формулацијата „ревидирана“ од Финансискиот план за 2022 година), Одлука за потврдување на Финансискиот план за 2022 година, како и нов текст на одлука од Управен одбор.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**